ГОДИШЕН ЗБОРНИК
НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО СКОПЈЕ
Историско-филолошки оддел
Книга 5 (1952), № 2
ANNUAIRE
DE LA FACULTÉ DE PHILOSOPHIE DE L'UNIVERSITÉ DE SKOPJE
Section historico-philologique
Tome 5 (1952), № 2

Јов. Ф. Трифуноски

# МАКЕДОНСКИ РОДОВИ ВО ПОЛОГ СО ПОТЕКЛО ОД АЛБАНИЈА

Jov. F. Trifunoski

# LES FAMILLES MACÉDONIENNES DE POLOG ORIGINAIRES D'ALBANIE

Скопје — Skopje
1952

ЈОВ. Ф. ТРИФУНОСКИ

# МАКЕДОНСКИ РОДОВИ ВО ПОЛОГ СО ПОТЕКЛО ОД АЛБАНИЈА

## а) Родови во Горни Полог[1])

*Дабевци* (4 к, Митровден)[2]), живеат во село Балин Дол. Нивното потекло е од обласа Љума во Северна Албанија. Од споменатата старина „избегале од крв" преди околу 120 години. Родовското име го добиле по предокот Дабе, кој дошол во Балин Дол.

*Влкановци* (10 к, св. Алимпија Столпник), живеат во село Железно Речане. Со потекло се од областа Мат во Северна Албанија. Во Железно Речане се доселил, преди околу 180 години, Влкан, предок од преди пет појаси.

*Николовци*, живеале во село Железно Речане, но се сега изумрени. И они имале исто потекло и време на доселување како и напред споменатите Влкановци. Во родот Николовци се кажува за еден предок викан Стојан; он живеал во Железно Речане во првата половина на 19 век и тога Стојан селото го бранел од разни муслимански нападнувачи.

*Ралевци* (9 к, св. Алимпија Столпник), живеат во село Железно Речане. Со потекло се од некое место во Албанија. При доселувањето во Полог нивните предоци прво се населени во сегашното албанско село Падалиште, па после прешле во денешнава населба. Како се кажува, Ралевци родовското име го добиле по селото од кое се иселиле во Албанија (?). Ралевци преку Железно Речане имаат иселени фамилии: во Алексинац (1) и во околијата на Вршац (1).

*Кораќевци* (9 к. св. Алимпија Столпник), живеат во село Железно Речане. Со потекло се од некое корабско село, кое сега лежи во Албанија (област Калис). Една кораќевска фамилија преди неколку години се иселила во Ниш.

*Павлевци* (4 к, Петковден), живеат во село Железно Речане. Тамо се доселиле од исто место од кое дошол и

---

[1]) Овој прилог е изработен врз географски испитувања вршени, после втората светска војна, по сите полошки села.

[2]) Во заграда означени се: бројот на куќите и фамилијарните слави.

споменатиот род Коракевци. Павлевци преку Железно Речане дале по една иселена фамилија за полошките села Куново, Дебреше и Пожаране, а една нивна фамилија се отселила во Земун.

*Спировци* (1 к, Петковден), живеат во село Церово. Со потекло се од некое место во Албанија. На нивните доселени предоци македонските старинци од Церово бесплатно им отстапиле место да се населат. Тоа го направиле, се вели, затоа да би споменатото село со население што повеќе ојакнало.

*Таталари* (12 к, Петковден), живеат во село Дуф. Нивното потекло е од некое место во околијата на Пишкопеја („Долни Дебар"), која лежи во Албанија. Како го добиле родовското презиме сегашното население не знае.

*Бадулари* (2 к, Петковден), живеат во село Дуф. Нивното потекло е исто како и кај родот Таталари. Што значи родовското презиме, сегашното население не знаѐ.

*Скералар* (5 к, Петковден), живеат во село Дуф. Нивното потекло е исто како и кај споменатите родови Таталари и Бадулари. Населението кажува, да е родовското презиме Скералар старо и донесено од Албанија.

*Тоска* (1 к), живеат во село Дуф. Во сегашново село дошле нивните предоци од некое место во Горна Река. Подалечното потекло им е од Албанија.

*Ајдаровци* (7 к, св. Аранѓел „есени"), живеат во село Дуф. Нивното старо родовско презиме било Периша. Преди да се доселат во Дуф они живеале во областа Мердита во Северна Албанија. Уште подалечното потекло на родот Ајдаровци некои велат да е од Црна Гора. Ајдаровци имаат свои родовски грани во селата Леуново (Мавровско) и Врбен (Горна Река),

*Игновци* (4 к, Петковден), живеат во село Печково. Во споменатово село они се релативно рано доселени од областа Љура во Северна Албанија. Една нивна фамилија преку Печково иселена е во Вруток кај Гостивар и една во Шабац.

*Трпевци* (5 к, Петковден и Пречиста), живеат во село Печково. Овој род го основал предок кој дошол од истата страна од која се доселил и споменатиот род Игновци.

*Цветковци* (15 к, Петковден и Пречиста), живеат во село Печково. Нивното потекло и време на доселување се исти како и кај наведените родови Игновци и Трпевци. Оснивателот на родот Цветковци бил продок кој се викал Јоан. Јоан во Љура „паднал на крв" и после се плашел од освета. Заради тоа он се доселил во Печково дека имал четири сина (едниот се викал Цветко и по него постанало родовското име). Еден син на Јоана во Печково бил пољак и вршејќи ја својата должност он утепал некој „Турчин од

Гостивар". По пресуда пољакот морал да прејде во ислам и да се ожени со вдовицата на убиениот. Од овој „потурчен" огранок сега потекнуваат пет фамилии кои живеат во Гостивар. Со православните Цветковци од Печково они и денес се сметаат како роднини („како фис").

*Ковачевци* (1 к), живеат во село Горно Јеловце. Доселени се од некое место во Албанија. Нивните предоци биле православни, али по доселувањето во Горно Јеловце они прешле во ислам. Во денешново село Ковачевци живеат од средината на 19 век.

*Балабановци* (5 к, св. Никола), живеат во село Галате. Во Галате дошле во првата половина на 19 век од соседното планинско сега албанско село Прошовце. Меѓутоа, нивното подалечно потекло е од селото Радомир (Radomir) во Калис (Северна Албанија). По традиција, они од Радомир се иселиле затоа што тамо „качаците" им ја опљачкале стоката. Од Прошовце во Галате прешле да се склонат „од зулум". Балабановци преку Галате имаат две фамилии отселени во село Брвенца до Тетово.

*Печовци* (5 к, Варвара), живеат во село Пожаране. Со потекло се, како велат, од село Печ во Албанија (?). Родовското презиме го добиле по старината од која се доселиле. Во Албанија Печовци имале кумови кои од својата старина се иселиле во село Горна Ѓоноица кај Гостивар (Атанасковци). Преку Пожаране Печовци имаат иселени фамилии во Тетово (2)[3]) и Белград (1).

*Г'олевци* (2 к, Петковден), живеат во село Пожаране. Нивното потекло е од селото Радомир во Калис (Северна Албанија). По *Т. Смиљановиќ* Ѓолевци и сега во Радомир имаат родовска грана која прешла во ислам па после се поалбанчила (Ѓоло-Ќаја). Од Радомир Ѓоловци се иселиле во втората половина на 18 век[4]). Преку Пожаране има неколку иселени ѓолевски фамилии: во Тетово (5), Скопје (2) и Белград (2).

*Шутевци* (2 к, св. Никола), живеат во село Пожаране. За нив се говори да се со потекло од некое село викано Шуљ во Љума (?). Во старината живеале „три брата", но они еднаш „паднале на крв". Да не би биле од освета убиени, браќата во Љума привидно „се потурчиле" (од православна прешле во муслиманска вера), па по тоа дошле во шар-планинско село Прошовце. Во Прошовце они се вратиле во православна вера. Преди околу 100 години Шутевци од Прошовце се преселиле во Пожаране. Од православ-

---

3) Меѓу иселениците во Тетово познати се неколку просветни и национални работници уште од времето на турската владавина.

4) Мијаци, Горна Река и Мавровско Поље, Насеља и порекло становништва, књ. 20, Београд 1926, стр. 78.

ни Шутевци во Пожаране постои една нивна поисламена родовска грана викана Исмаиловци (2 к). Шутевци преку Пожаране дале и иселени фамилии: во Скопје (1) и во Неготин-Крајина (2); а од споменатите Исмаиловци има иселени фамилии: во соседно село Калиште (1) и во Гостивар (2).

*Карацовци* или *Катранџиини* (10 к), живеат во село Чајле. Фамилијарна слава немаат. Со потекло се од некое место во Албанија. Една карацоска фамилија преку Чајле се иселила во Гостивар, а една прешла во горно-полошко село Сушица.

*Стојчевци* (12 к, Пречиста), живеат во село Чајле. За нив исто така се кажува да се со потекло од некое место во Албанија. Во Чајле се доселиле преди околу 160 години. (Стојан, жив 65 години — Кузман — Митре — Илија — Стојче, еден од нивните предоци кој се доселил). Стојчевци преку Чајле имаат иселени фамилии: во Смедерево (1), Ковин (1), Стари Бечеј (1) и Румунија (1).

*Костовци* или *Грујовци* (2 к), живеат во Гостивар. Со потекло се од околијата на Елбасан. Во Гостивар се доселиле во текот на 18 век преку некои села во Дебарски Дримкол. Костовци во Дебарски Дримкол имаат родовски грани и до денес одржани. Една Костовска фамилија од Гостивар се отселила во Белград[5]).

*Горјанци* (8 к), живееле во Ново Село на Шар-Планина, а подалечното потекло им било од Северна Албанија. Пред крај на турската владавина „поради зулуми" они сосем се иселиле од Ново Село.

## б) Родови во Долни Полог

*Г'урковци* (8 к, св. Алимпија Столпник), живеат во село Долно Палчиште. По предание, они се со потекло од областа Љусња во Северна Албанија. Од споменатата старина, при крајот на 18 век, они прво дошле на место дека лежало старо Долно Палчиште (сега се вика Селиште), па после од тамо прешле на денешнава селска положба. Појасите назад кај родот Ѓурковци одат вака: Стојан, жив 35 години — Бојо — Јоан — Аврам — Крсто — Спасен, еден од нивните предоци кој се иселил од Албанија. Старината ја напуштиле „од присила". Преку Долно Палчиште Ѓурковци имаат пет фамилии кои се иселиле во Тетово.

*Фандовци* (2 к, Петковден и св. Никола), живеат во село Сетоле. Името го добиле по областа во Северна Албанија од која водат потекло. Еден од нивните први доселеници се викал Јоан Фанда. За Фандовци сега се чуе и ново презиме Богдановци. Фандовци преку Сетоле имаат от-

[5]) Ј. Трифуноски: Гостивар, Гласник Географског друштва, св. XXVII, Београд 1947, стр. 101.

селени фамилии: во Тетово (3), Рушчук (2) и на други страни. По народно кажување, предоците од род Фандовци во Сетоле се разликувале меѓу другото население по тоа што биле снажни и високи луѓе.

*Цукљовци*, живеале во село Отуње, но до денес овој род сосем изумрел. За нив се кажува да биле по потекло од Љума во Северна Албанија. Во Отуње Цукљевци биле познати по тоа што се бавеле со пчеларство („биле трмкари").

*Коачовци* (8 к, св. Алимпија Столпник), живеат во село Варвара. Нивните предоци „од мука" избегале од області Малесија во Северна Албанија. Истиве податоци за нив ги забележил и *Р. Николиќ*[6]). Коачовци во Варвара дошле во првата половина на 19 век, како велат, тоа било во времето на тетовскиот Абдураман паша. Од Малесија се иселиле браќата Милош и Трпе. Они во Варвара отспрвин биле ковачи и по тоа останало денешното родовско име. По народна традиција, споменатиот предок Милош бил угледен човек и неустрашив пред поедини турски и албански нападнувачи, кои доваѓале во Варвара. Да би се ослободиле од Милоша некои муслимани него го убиле од заседа, кога се враќал од пазар во Скопје, на мостот во село Вратница. Преку Варвара родот Коачовци има иселени фамилии: во Тетово (1), во долнополошко село Брезно (1) и во Рушчук (6).

*Матовци* (11 к, Митровден), живеат во село Брезно. Нивните предоци доселени се од області Мат во Северна Албанија. Основателот на родот, кој се деселил, се викал Митрашко. Матовци во Брезно живеат од првата половина на 19 век (Мано, жив 60 години — Василко — Тофил — Митрашко). Родовското име го добиле по області во која им е старината. Преку Брезно родот Матовци има доста иселени фамилии: во долно-полошко село Лешок (1), во Тетово (6), Скопје (2), Белград (2) и Румунија (3).

*Станковци* (8 к, Варвара), живеат во село Брезно. Во споменатото село они се сметаат како релативно рани доселеници. Општо е кажување, да се они по потекло од некое место викано „Станкоо Гумно во Албанија" (?). Преку Брезно Станковци имаат иселени фамилии: во долно-полошко село Лешок (1), Рушчук (1) и Белград (1).

*Љумљани* или *Богдановци* (9 к, св. Алимпија Столпник), живеат во село Јелошник. Првото родовско презиме го добиле по області Љума во Северна Албанија од која

---

[6]) Ширење Арнаута у српске земље, Гласник Српског Географског дртштва, св. 2-3, Београд 1914, стр. 111; истото дело е препечатено и во Мала библиотека Географског друштва, св. 6, Белград 1928, стр. 6.

се доселиле. Во Јелошник дошле доста рано „како момци“ браќата Јане и Богдан. Они во Јелошник се ожениле и после тука стално се населиле. Родот Љумљани другите селани во Јелошник понапред го викале и Латини. Преку Јелошник Љумљани имаат околу 30 иселени фамилии: во Тетово (околу 10), Белград и Софија.

*Љумановци* (3 к, св. Алимпија Столпник), живеат во село Теарце. Во Теарце дошле преку шар-планинското село Јелошник. Поточно они се грана од родот Љумљани во Јелошник; неговата старина, како е напред наведено, е од областа Љума во Северна Албанија.

*Љумановци* (16 к, св. Алимпија Столпник), живеат во село Глоќе. И нивното потекло е од областа Љума во Северна Албанија. Од старината прво дошле во шар-планинско село Јелошник, па од тамо прешле во Глоќе.

*Момировци* (2 к, св. Алимпија Столпник), живеат во село Доброште. Во Доброште дошле преку шар-планиското село Јелошник. Подалечното потекло им е од областа Љума во Северна Албанија.

*Пејчиновци* (32 к, св. Никола), живеат во село Беловиште. Пред да дојдат во денешново село нивните предоци некое време се задржувале во Качаничка Клисура (мислат во сегашно албанско село Котлина). А во Качаничка Клисура дошле од некое место во Северна Албанија. Во Беловиште родот Пејчиновци останатото население понекогаш го вика и Латини. Преку Беловиште Пејчиновци имаат иселени фамилии: во долно-полошко село Јегуновце (2) и Бревенца (1), после во Белград (1) и Румунија (2).

*Шишковци* (18 к, св. Никола), живеат во село Вратница. Они потекнуваат од предоци кои дошле од обласна Љума во Северна Албанија. Еден од нивните доселени предоци прво во Вратница бил „момок“ во родот Степановци. После он од Степановци се оженил со една нивна „крива девојка“, па по тоа наследил Степановско имање „како брат“.

*Маќовци* (26 к, св. Никола), живеат во село Лукојца, Со потекло се од обласна Мат во Северна Албанија. По споменатата област они го добиле родовското презиме. Во Лукојца се населиле преди околу 170 години: Мито, жив 50 години — Миајле — Јанкула — Филип — Неделко — се доселил таткому Неделков со синови). Маќовци сега се делат на родовски грани познати под имиња: Грандовци, Тивери, Љунгаровци и Шипитаровци. Преди 120 години од родот Маќовци преку Лукојца се иселиле браќа: Бошко, Димко и Гроздан. Бошко се населил во Скопје дека основал род Аџи-Бошковци, додека Димко и Гроздан се населиле во Визбегово (Скопско Поле) како чифчии. Наскоро по тоа

Димко од Визбегово прешол во Чаир (маала во Скопје), а Грproduced Гроздан со синот Бошко дошол во село Матка (Скопски Дервен). Од Гроздана во Матка сега потекнуваат 5 фамилии (слава св. Никола). Од родот Маќовци преку Љукојца има и нови иселеници кои прешле во тетовски села: Брвенца (б к) и Сараќинце.

### в) Заклучок

Напред изнесениве податоци покажуваат да во Полог постоат 34 рода со околу 333 македонски фамилии (Горни Полог 143 к, Долни Полог 190 к), кои водат потекло од области што лежат во Албанија. Нивниот стварен број е далеку поголем од утврдениов, бидејки во поедини полошки села постоат македонски родови кои се доселувале од кон запад, ама денес нивните потомци точно не се сетуваат за старината. Освен тоа некои македонски родови во Полог со потекло од Албанија постепено изумреле (Влкановци во село Железно Речане, Џуклевци во село Отуње итн), а на едни Полог им служел како етапа во нивното подалечно отселување (Горјанци од Ново Село и други).

Македонското население во Полог се потекло од Албанија сега живее во 31 населба. Тие населби се: Балин Дол (4 к), Железно Речане (32 к), Церово (1 к), Дуф (27 к), Печково (24 к), Горно Јоловце (1 к), Галате (5 к), Пожаране (11 к), Чајле (22 к), Куново (1 к), Дебреше (1 к), Вруток (1 к), Калиште (1 к), Сушица (1 к), Гостивар (10 к), Долно Палчиште (8 к), Сетоле (2 к), Варвара (8 к), Брезно (20 к), Јелошник (9 к), Теарце (3 к), Глоѓе (16 к), Доброште (2 к), Беловиште (32 к), Вратница (18 к), Лукојца (26 к), Брвенца (9 к), Лешок (2 к), Јегуновце (2 к), Сараќинце (1 к) и Тетово (32 к).

Полошкото македонско население, кое знае да потекнува од предоци доселени од Албанија, по областите на старината може ваке да се подели: од Љума (Ljuma) 69 к, од Мат (Matja) 61 к, од Калис (Kalisi) 30 к, од Љура (Lura) 30 к, од околијата на Пишкопеја (Dibra) 19 к, од Љусња (Lusnja) 13 к, од Малесија (Malizi) 10 к, од Мердита (Miridita) 7 к, од Фанди (Fandi) 5 к, од околијата на Елбасан 2 к, од Северна Албанија вопшто 35 к, од Албанија вопшто 52 к. Кај едни полошки македонски доселеници, освен областа, се знаат и селата во старината од кои се иселиле. Тие села се Радомир во Калис, Шуљ во Љума (?), после Рале (?), Печ (?) и други.

Овој различен удел на поедини доселенички струа има извесна врска со нееднаквата оддалеченост и со географската поврзаност на поедини албански области од една страна и Полог од друга страна. Љума, Калис и околијата на

Пишкопеја најблиску лежат до Полог со кој се поврзани со помош на долини. Овие долини ја олеснуваат впречната врска преку гребените на Кораб и Шар-Планина. Затоа од споменатите области и воопшто од Северна Албанија во Полог се збрале релативно многубројни словенски доселеници. Освен тоа е познато да во северно-албанските области, на пример, во Љума, Калис и други понапред живееле и многубројни словенски родови[7]).

Од податоците за доселувањето се виѓа да едни родови се иселувале од своите дотогашни места на живеење во Албанија кога во нив више не могле да опстанат. Едни, како се кажува, ги истерал страот од освета (Цветковци во Печково, Шутевци во Пожаране), други бегале „од присила" (Ѓурковци во Долно Палчиште), „од мука" (Коачовци во Варвара), едни останувале без стока (Балабановци во Галате) итн. Овие кажувања во прилична мера можат да се земат како точни: познато е да во некои области во Албанија владеале етнички борби поради кои словенското население било постепено заменувано со албански родови.

За едни родови со потекло од Албанија Полог бил привлечен и како област во која постоат подобри стопански услови. На крај, има и такви полошки доселеници кај кои одредено не се знае причината поради која се иселиле од Албанија.

Населението од поголем број на полошки родови, за кои е овде збор, не го знае токму времето на доселувањето од Албанија. На ова население доваѓаат околу 230 куќи. Кај останалото население како време за доселување во Полог се наведува 18, другата половина на 18 и првата половина на 19 век. Веројатно да се тога доселени предоците и кај некое напред споменато население кое традицијата за времето сега е заборавило.

Скоро сите македонски родови со потекло од Албанијо во Полог дошле на непосреден начин. Затоа кај нив по доселувањето спомените за старината биле добро очувани така да поедини од нив презимињата за родовите ги добиле по матичните села или по областите во Северна Албанија.

---

[7]) Упореди Ј. Цвијић; Антропогеографски проблеми Балканског Полуострва, Београд 1902, стр. CLXLIX, CC; исти: Балканско Полуострво и јужнословенске земље, књ. I, Београд 1922, стр. 258; Ј. Х. Васиљевић: Арнаути наше крви, Брасто XXX, Београд 1939, стр. 123; Д. Яранов: Преселническо движение на Българи отъ Македония и Албания . . ., Македонски прегледъ, год. VII, 2/3, София 1932, карта во прилог. — Во минато нарочно како словенска област важел пространиот крај викан Љума во Северна Албанија. Л. Михачевиќ од испитувања на терен објавил да „становници Љуме до 18 века говорили су српско-бугарски; данас (1911 година) су сви муслимани и говоре арбанашки" (Po Albaniji, Zagreb 1911, стр. 64).




Карта на правеците по кои се движеле словенските родови со потекло од Албанија.

Родовите Ралевци во Железно Речане и Печовци во Пожаране имиња добиле, како кажуваат, по истовиканите села во Албанија; додека родовите Фандовци во Сетоле, Матовци во Брезно, Маќовци во Лукојца, Љумани и Љумановци во Јелошник, Теарце и Глоѓе имањата ги добиле по истовиканите северноалбански области.

Доселувањето на албанскнте родови во Полог со потекло од Албанија се вршело поединачно и постепено· При тоа споменатите доселеници се населувало во затечени македонски населби и највише во оние што лежат на Шар-Планина (Дуф, Печково, Прошовце, Пожаране, Сетоле, Отуње, Варвара, Брезно, Јелошник) или во нејзиниот полошки подгор (Долно Палчиште, Теарце, Глоѓе, Доброште, Беловиште, Вратница, Тетово). Наведениве населби во Полог ја заватуваат неговата западна страна, која лежи во непосредната близина на Северна Албанија.

Кај словенските доселеници од Албанија карактеристична е извесна тенденција за груписување на родовите во поедини полошки села. Ова доселениците го чинеле, како што е утврдено кај населението и во други наши области, да би се осетувале појаки во новата средина и да не би биле осамени. Затоа денес нивните припадници заватуваат цели селски крајои, на пример, во Железно Речане, Дуф, Печково и во други споменати шар-планински населби.

Словенските доселеници од Албанија во Полог доаѓале како православнн и во таа вера до денес останале. Едино предоците од сегашни 11 фамилии, под притисок на полошките муслимани, примиле ислам. Тоа се: Ковачевци во Горно Јеловце, една грана од родот Цветковци во Печково и една грана од родот Шутевци во Пожаране. Занимливо е да се истакне како православните доселеници во својот најголем дел до денес ги очувале и старите фамилијарни слави кои ги славеле воглавно нивните предоци уште во старината. Такви слави има седум[8]).

После доселувањето во поедини полошки села, македонското население со потекло од Албанија, повторно низ Полог во еден дел се разместувало. При тоа внатрешно мигрирање мажe да се запази појако населување во Тетово, главното стопанско средиште на Полог. И полошките полски села исто така се центри во кои притечувале споменативе внатрешни преселеници. Осем стопанските причини,

[8]) Највише се слават св. Никола (95 к) и св. Алимпија Столпник (91 к), После идат Петковден (39 к), Митровден (22 к), Петковден и Пречиста (20 к), Варвара (16 к), Пречиста (12 к), св. Аранѓел „есени" (7 к), Петковден и св. Никола (5 к). Три православна рода со 14 куќи немаат фамилијарна слава или кај едни од нив славата ја немам забележена.

преселувањето во еден дел било условено и со тежненцето на православните Македонци да вршат појака национална концентрација. Тоа јасно се виѓа со преселениците од селата Падалиште и Прошевци кои одтамо се иселиле во други македонски села (Железно Речане, Галате, Пожаране) оти во нивните дотогашни споменати населби се доселиле мусли-мански Албанци.

Напред е наведено како едно словенско население, по доселувањето од Албанија во Полог, подоцна и од втора-ва област сосем се иселувало. Од податоците кои сум ги прибрал на терен јасно се запазуваат неколку помали иселенички струии. Така едни иселеници прејдувале во Србија (со Војводина), други во Бугарија, трети во Скопје и неговата околија, а четврти во Румунија. Иселувањето од Полог значи водело кон североисток и исток, додека населувањето се вршело од кон запад и југозапад. Иселеничките струи не се еднакви во јачина: за Србија отишле околу 28, за Бугарија околу 17, за Скопје и неговата околија околу 12, и за Румунија околу 6 фамилии. Овие броеви не се потполни, оти за приличен дел од иселениците сега во традицијата не се наведува дека се иселиле.

Како најчести причини при иселувањето биле: несигурниот живот за време на турската владавина, сиромаштијата и печалбата.

*Jov. F. Trifunoski*

## LES FAMILLES MACÉDONIENNES DE POLOG ORIGINAIRES D'ALBANIE

*(Résumé)*

Dans cet article l'auteur expose des données, recueillies dans des excursions géographiques, ayant rapport aux familles macédono-slaves qui sont venues en Polog (Macédoine Nord-Ouest) de quelques régions albanaises. Le nombre de ces immigrés, comme on a déjà constaté, est 333 maisons. En réalité, le nombre des Macédoniens, immigrant d'Albanie en Polog, est plus grand que celui qui est constaté, car, dans plusieurs villages de Polog existent des Macédoniens qui sont venus d'ouest, c'est-à-dire du côté de l'Albanie, mais leurs descendants ne se souviennent plus d'où ils sont venus. Au surplus, quelques de telles familles, après leur immigration d'Albanie en Polog, se sont éteintes (Vlkanovci du village Železno Rečane, Džuklevci du village Otunj), tandis que Polog servait aux autres comme une des étapes dans leur migration plus lointaine.

La polulation macédonienne, qui tire son origine d'Albanie, habite maintenant 31 villages de Polog. Pour la plupart, ces villages sont disposés sur la pante et aux pieds de Šar-Planina, du côté de Polog. Ce sont les parties de Polog qui se trouvent au voisinage direct de l'Albanie septentrionale.

D'après la région d'où ses ancêtres sont venus, on peut diviser ainsi la population macédonienne qui est consciente de tirer son origine d'Albanie: de Ljuma 39 maisons, de Matja 61 maisons, de Kalisi 30 maisons, de Ljura 30 maisons, des environs de Piškopeja 19 maisons, de Ljusnja 13 maisons, de Malesija 10 maisons, de Merdita 7 maisons, de Fanda 5 maisons, des environs d'Elbasan 2 maisons, de l'Albanie septentrionale en somme 35 maisons et de l'Albanie 52 maisons somme toute. Les régions mentionnées et l'Albanie septentrionale, en général, sont liées avec Polog par quelques vallées. Ces vallées facilitent les communications à travers les crêtes de Korab et de Šar-Planina.

On voit, d'après les données de l'immigration, que les familles changeaient de démeure lorsqu'elles ne pouvaient plus subsister dans leurs vieilles régions en Albanie. Les unes étaient chassées par la peur de vengeance, les autres immigraient par „contrainte" ou par „souffrance" (od „prisila", od „muka"); quelques-unes étant restées sans leur bétail. Polog était attirant, pour quelques immigrés d'Albanie, comme la région où existaient de favorables conditions économiques.

La population de la plupart des familles de Polog, desquelles on parle dans cet article, ne sait pas exactement le temps où elle avait immigré. Le nombre de cette population, ignorant le temps de l'immigration, est environ 230 maisons. Le reste de la population avait immigré dans la deuzième moitié du XVIIIe et la première moitié du XIXe siècles. Presque toutes les familles macédoniennes, qui tirent leur origine d'Albanie, sont arrivées en Polog directement. C'est pourquoi quelques-unes parmi elles ont reçu leur nom d'après celui qui portait la région originaire en Albanie septentrionale. Ainsi quelques familles portent le nom Ljumanovci (d'après la région Ljuma), autres Mačevci (d'après la region Matja), Fandovci (d'aprés Fanda) etc.

Après l'établissement dans ses villages en Polog, une partie de la population accomplissait ultérieurement des migrations intérieures. On peut remarquer dans ces migrations intérieures des établissements plus forts à Tetovo, le centre principal économique de la région. Les villages champêtres de Polog étaient aussi des centres où affluaient le migrateurs intérieurs, mentionnés plut haut.

Plus tard, quelques habitanats, après leur immigration d'Albanie en Polog, ont quitté ces endroits et émigré d'ici tout à fait. Dans cette émigration on peut remarquer plusieurs petits courants. Ainsi, quelques émigrés partaient en Serbie avec Voïvodine, les autres en Bulgarie, à Skopje et ses environs, comme en Roumanie aussi. Donc, l'émigration de Polog coulait vers Nord-Est et Est, tandis que l'immigration se produisait d'Ouest et de Sud-Ouest. En Serbie sont partis environ 28, en Bulgari environ 17, à Skopje et ses environs 12 et en Roumanie environ 6 familles. Ces nombres ne sont pas complets, car, dans la tradition du peuple n'est pas conservé le souvenir des migrations d'une partie assez grande de la population.

Les causes de l'émigration étaient: la vie mal assurée pendant le gouvernement turc, la pauvreté et le gain („pečalba").